# Дневна хемеротека за *10.06.2016г.*

## МИА - *Потпишан договор за изработка на Просторен план за НП „Пелистер“*

ПЕТОК, 10 ЈУНИ 2016, 10:35:21

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

АЖУРИРАЈ ГИ ТВОИТЕ ПОДАТОЦИ

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### Потпишан договор за изработка на Просторен план за НП Пелистер

Препорачај 0

четврток, 09 јуни 2016 13:53



**Скопје, 9 јуни 2016 (МИА)** - Договор за изработка на Просторен план за Националниот Парк Пелистер денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети, директорот на Националниот Парк Пелистер, Амет Ациу и директорот на Агенцијата за планирање на просторот, Љупчо Георгиевски.

Со изработката на просторниот план за НП Пелистер ќе се дефинираат мерките за интегрален туристички развој, ќе се преиспитаат насоките за интегрален третман на природните ресурси во функција на туристичка понуда, со што ќе се поттикне социоекономскиот развој на населбите.

Вкупната вредност за изработка на овој просторен план изнесува 3.665.320 денари, при што Министерството за животна средина и просторно планирање преку Годишната Програма за изработка на просторни планови за 2016 година за таа цел има предвидено 900 илјади денари.

Останатите средства за реализација на целокупниот проект ќе се предвидат во Програмата за изработка на просторни планови за 2017 годдина. бк/скс/**13:53**

## Утрински - *Потпишан договор за изработка на Просторен план за НП „Пелистер“*

## ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН ЗА НП „ПЕЛИСТЕР“




Договор за изработка на Просторен план за Националниот парк „Пелистер“ денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети, директорот на Националниот парк „Пелистер“, Амет Ациу и директорот на Агенцијата за планирање на просторот, Љупчо Георгиевски.

Со изработката на просторниот план за НП „Пелистер“ ќе се дефинираат мерките за интегрален туристички развој, ќе се преиспитаат насоките за интегрален третман на природните ресурси во функција на туристичка понуда, со што ќе се поттикне социоекономскиот развој на населбите.

Вкупната вредност за изработка на овој просторен план изнесува 3.665.320 денари, при што Министерството за животна средина и просторно планирање преку Годишната Програма за изработка на просторни планови за 2016 година за таа цел има предвидено 900 илјади денари.

Останатите средства за реализација на целокупниот проект ќе се предвидат во Програмата за изработка на просторни планови за 2017 година.

## Канал5 - Потпишан договор за изработка на Просторен план за НП Пелистер

Договор за изработка на Просторен план за Националниот Парк Пелистер денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети, директорот на Националниот Парк Пелистер, Амет Аџиу и директорот на Агенцијата за планирање на ...

## Lider - Договор за изработка на Просторен план за Националниот Парк Пелистер

Министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети, директорот на Националниот Парк Пелистер, Амет Аџиу, како и директорот на Агенцијата за планирање на просторот, Љупчо Георгиевски, ќе потпишат договор за изработка на Просторен план ..

## Aktuale.mk - Vjen marrëveshja për hartimin e Planit hapësinor për Parkun kombëtar Pelister (FOTO)

aktuale.mk
...për të qenë dhe Ti aktual!



### Vjen marrëveshja për hartimin e Planit hapësinor për Parkun kombëtar Pelister (FOTO)

on: 09/06/2016 In: Aktuale, Maqedoni

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, drejtori i Parkut Kombëtar Pelister Amet Axhiu si dhe drejtori i Agjencisë për planifikim të hapësirës Ljupco Georgievski, sot nënshkruan marrëveshje për hartimin e Planit hapësinor për Parkun Kombëtar Pelister.

Vlera e përgjithshme për hartimin e këtij plani hapësinor arrinë 3 665 320, 00 denarë, me ç' rast Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor përmes Programit Vjetor për hartimin e planeve hapësinore për vitin 2016 ka paraparë 900.000.00 den.

Mjetet tjera financiare për realizimin e projektit të përgjithshëm do të parashihen në Programin për hartimin e planeve hapësinore për vitin 2017.

Me hartimin e Planit Hapësinor për Parkun Kombëtar të Pelisterit do të definohen masat për zhvillim integral turistik (dimëror, veror, eko, turizëm shëndetësor dhe rural), do të rishikohen drejtimet për trajtim integral të resurseve natyrore në funksion të ofertës turistike dhe zhvillimit socio-ekonomik të vendbanimeve.



## Tetova Sot - *Nënshkruhet marrëveshja për hartimin e Planit hapësinor për Parkun kombëtar Pelister*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, drejtori i Parkut Kombëtar Pelister Amet Axhiu si dhe drejtori i Agjencisë për planifikim të hapësirës Ljupco Georgievski…

## Lajm Press - *Nënshkruhet marrëveshja për hartimin e Planit hapësinor për Parkun kombëtar Pelister*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, drejtori i Parkut Kombëtar Pelister Amet Axhiu si dhe drejtori i Agjencisë për planifikim të hapësirës Ljupco Georgievski…

## Zhurnal - *Nënshkruhet marrëveshja për përpunimin e Planit hapësinor për PK Pelister*

Marrëveshje për përpunimin e Planit hapësinor për Parkun nacional Pelister sot nënshkruan ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Bashkim Ameti, drejtori i Parkut nacional Pelister, Amet Axhiu dhe drejtori i Agjencisë për Planifikimin e Hapësinor, Lupço Georgievski.

## Yll Press - *Nënshkruhet marrëveshja për përpunimin e Planit hapësinor për PK Pelister*

Mjetet e tjera për realizimin e projektit të përgjithshëm do të parashihen në Programin për përpunimin e planeve hapësinore për vitin 2017.

## Вечер - Проект за заштита на Преспанското Езеро

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМ

РЕСЕН

# Проект за заштита на Преспанското Езеро

**Одличната соработка меѓу општина Ресен, УНДП и Швајцарската агенција за развој на полето на спроведување на проекти од областа на животна средина беше потврдена на средбата на градоначалникот Ѓоко Стрезовски, амбасадорката на Швајцарија во Република Македонија, Сибил Техада Сутер и постојаниот претставник на ОН во земјава, Лујза Винтон**



Тие ги посетија Паркот на природата „Езерани", Мониторинг-центарот за испитување на води во селото Стење, Компостарата, како и еден од фармерите вклучени во проектот за „Заштита на Преспанското Езеро", каде што се информираа за тековните активности од проектот, кој го спроведуваат општина Ресен и УНДП со средства од Швајцарската развојна агенција.

Градоначалникот Стрезовски изрази задоволство што општина Ресен има силен и посветен партнер во справувањето со предизвиците од областа на заштита на животна средина и управувањето со води во сливот на Преспанското Езеро.

- Општина Ресен подготвено влегува во наредна фаза на проектот за „Заштита на Преспанско Езеро", која треба да заврши до средината на јули 2018 година и ќе се спроведат сет активности од изградба на канализациски системи, мали инфраструктурни проекти, поддршка за ЈКП „Пролетер" и други активности во насока на одржливо управување со животната средина во општина Ресен, истакна Стрезовски.

На иницијатива на Општината, во Ресен се одржа и трилатерален координативен состанок меѓу трите прекугранични општини, Ресен од македонска страна, Пустец од албанска и Преспа од грчка страна, каде што беа разменети информации во врска со мониторинг и проекти поврзани со Преспанското Езеро. На состанокот, каде што присуствуваа и проектниот тим на УНДП, националните паркови „Преспа" од грчка и албанска страна и Друштвото за заштита на Преспа од Грција беше договорено три пати во годината да се организираат вакви средби каде ќе се координира заедничкиот мониторинг на водите во Преспанското Езеро и ќе се разменуваат податоци за тековни и идни проекти.

## Локално - [Првиот шампионат во спортско собирање ѓубре во Русија собра над 1 тон отпад]

ЛОКАЛНО.мк

# Првиот шампионат во спортско собирање ѓубре во Русија собра над 1 тон отпад

Like 0 Tweet G+1 0 Share 0

Повеќе од еден тон отпад е собран во рускиот град Томск за време на првиот во земјата шампионат во спортско собирање на ѓубре.



За време на едночасовната трка во еден од парковите на градот беа собрани вкупно 1116 килограми отпад, 200 килограми од кои – полимери. Тие се штетни за животната средина, бидејќи се распаѓаат многу подолго. Паралелно се собираа и индустриски отпад – гума и метал. Главниот судија на шампионатот, основач на јапонското движење и претседател на националната федерацијата по спортско собирање на отпад – Кеничи Мамицука, создаде и посебна дисциплина за собирање на догорчиња од цигари.

За секој килограм сортирање отпад учесниците добиваат 5 поени, а за килограм несортиран – три. Во Јапонија слични турнири се одржуваат од 2008 година и нивниот број е веќе близу 500. Според јапонскиот иницијатор на спортското собирање Мамицука такви иницијативи не само што помагаат за одржување на чистотата, но имаат и силен едукативен ефект. Јапонско истражување покажува дека учесници во спортското собирање на ѓубре се палат толку од настанот дека последователно бараат начини да се вклучат и во други волонтерски иницијативи.